Република Македонија
Јавна детска градинка "ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ"
Општина Кисела Вода
Бр. 01-653/1
31.05. 2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 116 став 1 алинеја 1 од Законот за заштита на децата (Сл. весник на Република Македонија бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 2/2015, 25/2015, 150/2015, 192/2015, 27/2016, 163/2017, 21/2018 и 198/2018) и член 27 став1 алинеја 1 од Статутот на Јавната Детска Градинка “Весели Цветови“ – на ОКВ во Град Скопје, а во врска со амадманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI на Уставот на Република Северна Македонија и Уставниот Закон за спроведување на амадманите XXXIII, XXXIV, XXXV и XXXVI (Сл. Весник на Република Македонија бр.6/2019) и Правилникот за формата, големината и содржината на печатите, начинот на нивното чување и употреба, како и за штембилите на државните органи ( Сл. весник на Република Северна Македонија бр.61/2019) Управниот одбор на Јавната Детска Градинка “Весели Цветови“ – на ОКВ во Град Скопје, на седницата одржана на ден 30.05.2019 година, донесе

# С Т А Т У Т
## за измена и дополнување на Статутот на Јавната Детска Градинка “Весели Цветови“ – на ОКВ во Град Скопје

**Член 1**

Член 6 став 2 се менува и гласи:

,, Печатот на детската градинка е во облик на круг со пречник од 32 мм, испишан на македонски јазик и неговото кирилско писмо, во средината е грбот на Република Северна Македонија, а околу него во првиот концентричен круг е испишано името на Република Северна Македонија, а во вториот концентричен круг се испишани називот и седиштето на детската градинка “.

**Член 2**

Член 6 став 3 се менува и гласи:

,, Штембилот е во правоаголна форма со пречник од 60 мм x 30 мм, испишан на македонски јазик и неговото кирислско писмо, го содржи името на Република Северна Македонија, називот, седиштето на детската градинка кои се испишуваат хоризонтално едно под друго, а под нив се остава празен простор за впишување на број на актот, на други писмена и на датумот на негово издавање”.

**Член 3**

Во член 14 по зборот „Република“ се додава зборот „Северна“.

**Член 4**

Во член 21 став 2 по зборот „Република“ се додава зборот „Северна“.

**Член 5**

Постапката за изменување и дополнување на овој статут е истоветна како и постапката за негово донесување.

**Член 6**

Се задолжува Наташа Ѓорѓиева – Советник Секретар во установата да изготви пречистен текст на Статутот на Јавната Детска Градинка “Весели Цветови“ – на ОКВ во Град Скопје.

**Член 7**

Овој Статут влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето на огласните табли во објектите на јавната детска гарадинка, по добивањето согласност од Советот на општина Кисела Вода.

Претседател на УО

Наташа Ѓорѓиева